# ИНТЕРАКТИВНА УЧИЛНИЦА 2.0

ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ



LEAD
Leaders for Education, Activism and Development

KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG

# СОДРЖИНА

02 ВОВЕД

03 КОНТРОВЕРЗНИ ТЕМИ

04 Активности за контроверзни теми

13 КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

14 Активности за образование за климатски промени

25 ПОЛИТИЧКО И ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

26 Активности за политичко и граѓанско образование

32 ЧОВЕКОВИ ПРАВА

33 Активности за образование за човекови права

42 КОНЦЕПТ ЗА ВЛИЈАНИЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

**НАСЛОВ**
Интерактивна училница 2 – Прирачник за наставници

**ИЗДАВАЧИ:**
Фондација „Конрад Аденауер“ во Република Северна Македонија
Здружение „Лидери за едукација, активизам и развој“

**АВТОРИ:**
Иван Јованов
Илија Станковски

**ДИЗАЈН:**
Кирил Пајмакоски

**ЛЕКТУРА:**
Силвија Митревска-Филипова

# ВОВЕД

LEAD заедно со Фондацијата „Конрад Аденауер" имаа можност да бидат вклучени во низа програми и проекти во рамки на формалното образование, како: зајакнување на ученичкото учество и ученичките заедници во средните училишта, зајакнување на капацитетите на наставници за работа со не-формални и дигитални алатки, креирање кампањи во рамки на училиштата, креирање материјали и водичи за училиштата и за наставниците, како и креирање друштвена игра за политичка едукација.

Низ сите овие процеси опфативме повеќе од 80 средни училишта низ целата територија на Република Северна Македонија, а работевме со над 200 наставници.

Нашето искуство покажа дека формалниот образовен систем многу малку се базира на градење вештини и ставови кај учениците, а најчесто на информации и тоа се одразува на повеќе нивоа:

- Недоволен фокус на програми и предмети кои го зајакнуваат знаењето на ученикот во насока на вештини за комуникација, критичко размислување, свесност за околината и животната средина, креирање компромиси итн.;
- Кај наставниот кадар постои недостиг на вештини за предавање на теми кои се надвор од стручниот опфат на самиот предмет;
- Недостиг на неформални методи и пристапи кои можат да помогнат во пренесување на знаењето и темата.

Тоа ни беше инспирација да го создадеме овој прирачник „Интерактивна училница", второ издание, кој е продолжение на истоимениот прирачник издаден во 2018 година. Разликата е тоа што овој прирачник се фокусира на конкретни области кои можат да бидат структурирани во програми во образованието и истите вклучуваат многу трансферзални теми и вештини кои се опфатени во првиот прирачник. Тие области се: контроверзни теми, образование за човекови права, политичко и граѓанско образование, образование за климатски промени, како и влијание на заедницата.

Овој прирачник е наменет за наставници, едукатори и лица кои работат со млади и кои сакаат да применат неформални методи и методи на младинска работа во своето дејствување.

# КОНТРОВЕРЗНИ ТЕМИ

*Работите кои се контроверзни во интелектуалната и политичката сфера мора, исто така, да бидат предавани како контроверзни и во образовните институции*

Оваа изјава е една од заклучоците на т.н. Бојтелсбах консензус, кој бил развиен во 1976 година, од страна на Државниот центар за граѓанско образование на федералната држава Баден-Виртемберг во Германија, кој претставува стандард за предавање контроверзни теми во денешна Германија.

Но, што, всушност, претставуваат контроверзните теми и прашања и зошто тие се важни во образовен, општествен и политички контекст?

Постојат повеќе дефиниции за тоа што претставува контроверзно прашање, но во суштина сите имаат сличен контекст. Затоа, за потребата на овој документ ќе ја користиме дефиницијата од водичот „Предавање на контроверзни прашања преку едукација за демократско граѓанство и човекови права”. Според него, контроверзни прашања се „прашања што будат силни чувства и прават поделби во заедниците и општеството”.

Ваквите прашања вклучуваат вредности и интереси, политичка сензитивност, како и комплексни теми. Тие, исто така, варираат, во зависност од земјата, времето и културата. Па така, во некои земји верскиот фундаментализам е контроверзно прашање, додека во други тоа не е релевантно. Во некои земји легализирање истополови бракови може да ја подели заедницата, додека во други веќе се постигнати консензуси за овие прашања.

Контроверзните прашања најчесто немаат точен одговор зашто одговорите најчесто се формираат на база на претходните искуства, верувања и личниот контекст на индивидуите. Овие два аспекта на емоции и немање точен одговор ја покажуваат тежината и комплексноста на нивното предавање и вештините и подготвеноста кои треба да ги поседува еден наставник. Предавањето и вклучувањето на контроверзните прашања во училишните клупи придонесуваат за низа позитивни последици и влијаат врз позитивниот развој на ученикот.

Контроверзните прашања, пред сѐ, стимулираат подлабоко размислување, но и разбирање на општеството и поттикнуваат дополнително истражување и интерес кај учениците. Понатаму, контроверзните прашања го развиваат критичкото размислување кај учениците и даваат можност за подлабоко размислување на вредностите и идеите и како истите се формираат и се менуваат.

Последно, контроверзните прашања развиваат вештини за дебатирање, прифаќање различности, свесност за средината во којашто живееме, но и тенденција за правење компромиси. Според прирачникот „Teaching Controversial Issues” учениците развиваат три сета на придобивки со опфаќање вакви теми, и тоа: знаење и разбирање на темите, вештини, како и ставови и вредности.



АКТИВНОСТИ ЗА

# КОНТРОВЕРЗНИ ТЕМИ



# ПРОВЕРКА НА багаж[4]

Секој со себе носи убедувања и вредности кои влијаат врз начинот на кој го гледаат светот и функционираат во него. Ова понекогаш е познато како „културен багаж“. Овие верувања и вредности честопати остануваат незабележани од луѓето иако ги носат со себе. Наставниците и учениците не се разликуваат во овој поглед.

**ЦЕЛ:**
Да се истражи како убедувањата и вредностите на наставниците можат да влијаат врз нивниот став кон контроверзни прашања и учесниците да се охрабрат да размислуваат за влијанието на нивните сопствени уверувања и вредности.

**РЕЗУЛТАТИ:**
Учениците разбираат како личните убедувања и вредности на наставникот можат да влијаат врз нивниот професионален пристап кон контроверзни прашања;
учениците стануваат посвесни за влијанието на нивните сопствени убедувања и вредности врз нивните активности.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
20-30 минути.

**РЕСУРСИ:**
- Сет-картички за дискусија;
- Празни карти;
- Мали торбички;
- Флипчарт и маркер.

**ПОДГОТОВКА:**
Направете неколку сета со картички за дискусија користејќи го моделот даден подолу, во материјалот за поддршка. Изберете имиња и „типови“ на знаци што, веројатно, ќе им бидат познати на учесниците. Бидејќи картичките се наменети за работа во мали групи, потребни ќе ви бидат толку комплети колку и бројот на групите што имате намера да ги создадете. Ставете го секој комплет во мала торбичка. Ќе ви требаат и неколку празни картички, по една за секој учесник, за крајот на вежбата.

**ОБЈАСНУВАЊЕ НА ВЕЖБАТА:**
**1.** Поделете ги учесниците во мали групи.

**2.** На секоја група поделете ѝ торбичка која содржи сет-картички за дискусија. Објаснете дека секоја картичка содржи информации за наставник (некој непознат наставник!).

**3.** Кажете им на групите од нивната торбичка да изберат еден од наставниците (картички) по случаен избор.

**4.** Побарајте од нив да ги прочитаат информациите за наставниците и учениците (може да изберат само една категорија) на нивната картичка и да разговараат за тоа што мислат, како напишаното може да влијае врз позицијата што таа личност ја зазема во контроверзни прашања и начинот на кој тој или таа се справува со нив во училница и во училиште.

*4. Активноста е преземена од водичот „Предавање на контроверзни прашања преку едукација за демократско граѓанство и човекови права - пакет за обука на наставници“, Совет на Европа, 2021 година, достапен на следниот линк - https://lead.org.mk/assets/files/Publications/priracnik-kontroverzni-temi.pdf*

**5.** Дајте им на групите неколку минути да зборуваат за ова, а потоа повторете го процесот два или трипати со повеќе картички.

**6.** Преуредете ги столчињата во круг и побарајте неколку волонтери да известуваат за нивните заклучоци. Соберете ги картичките една по една и забележете дали ќе се појават несогласувања помеѓу толкувањата на групите додека зборуваат.

## ДИСКУСИЈА ЗА ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ

Водете дискусија за начинот на кој убедувањата и вредностите на наставниците можат да влијаат на нивното справување со контроверзни прашања. На пример:

**1.** Од каде мислите дека потекнуваат убедувањата и вредностите на наставниците и учениците?

**2.** Колку сметате дека е лесно за наставниците и за учениците да ги идентификуваат сопствените предрасуди и претпоставки?

Завршете ја дискусијата кон крајот со барање од учесниците да размислат за сопствените убедувања и вредности како ученици и за тоа како тие можат да бидат поврзани со нивното справување со контроверзни прашања. На секој учесник поделете му по една празна картичка на која секој ќе напише реченица за себе користејќи го моделот на картичките за дискусија. Охрабрете ги сериозно да размислат за ова и импликациите за тоа како тие пристапуваат кон прашањата во училницата и во училиштето. Кажете им дека ова е само за нивна приватна употреба и не мора да се споделува со некој друг. Вежбата треба да се направи во тишина. По три или четири минути, дозволете им на оние кои сакаат да ги споделат своите мисли да најдат партнер за разговор, но потенцирајте дека тоа не е задолжително.

## СОВЕТ

Периодот на саморефлексија на крајот е од суштинско значење за оваа вежба. Важно е да се резервира доволно време за ова.

## МАТЕРИЈАЛИ

***Прилог 1 - Описи за наставници***

Јован... воспитан во строго религиозно семејство, не пие или пуши и има водечка улога во верската служба во неговата матична црква.

Арифе... потекнува од едно од најстарите и најбогатите семејства во земјата и своето образование го стекнала во странство.

Стојан... се преквалификувал како учител по неколку години во армијата каде што се искачил неколку ранга за да стане офицер.

Хелена... некое време живеела во засолниште за жени и е силен поддржувач на правата на жените.

Али... е претставник на синдикатот и води кампањи за прашања поврзани со човековите права, особено работните услови дома и во странство.

***Прилог 2 - Описи за ученици***

Маја... обожува народна музика и народни ора, патриотски е настроена и е член на националистичка политичка партија.

Дипа... првично дојде во оваа земја како бегалец и никогаш не го заборави лошото однесување на луѓето кон неа во првите години од нејзиното доаѓање.

Марко... е во истополов однос веќе неколку години, но мисли дека никој на училиште не знае за тоа.

Сара... е во љубовна врска со личност од друга националност поради што има изгубено многу пријатели.

# МУЗИЧКИ Столчиња[5]

Следната активност е дизајнирана да им помогне на учесниците да ја истражат емоционалната димензија на контроверзните прашања и нејзините импликации врз климата во училницата и управувањето. Истата е дизајнирана како „мразокршач“ што ќе им помогне на учесниците да се запознаат подобро.

**ЦЕЛ:**
Да се истражи емотивната природа на контроверзни прашања и нејзините импликации врз климата во училницата и управувањето..

**РЕЗУЛТАТИ:**
Учесниците:
- Се свесни за емотивната природа на контроверзните прашања;
- Се способни да идентификуваат видови емоции што веројатно ќе се појават кога се
- Дискутираат контроверзни прашања;

се свесни за импликациите врз климата во училницата и управувањето.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
20-25 минути.

**РЕСУРСИ:**
- Список со контроверзни изјави;
- Алатки за пуштање музика, на пр.: ЦД-плеер, лаптоп и звучници.

**ПОДГОТОВКА:**
Помислете на неколку контроверзни изјави, да речеме пет или шест. Обидете се да изберете примери кои учесниците ќе ги сметаат за особено емотивни, што ќе ги поларизираат мислењата и, веројатно, ќе бидат од интерес и релевантност за младите што ги учат.

**Пример на изјави за дискусија:**

- „Премногу акцент се става на правата на децата и недоволно на одговорностите на децата“;
- „Геј-паровите треба да можат да посвојуваат“;
- „ЕУ е губење време и пари и треба да се распушти“;
- „На родителите не смее да им се дозволува да ги удираат своите деца“;
- „Нуклеарното оружје е потребно за да се зачува мирот во светот“;
- „Младите треба да можат да гласаат од 16 години“;
- „Треба да се врати смртната казна за оние коишто се прогласени за виновни за насилен екстремизам“;
- „Животните треба да ги имаат истите права како и луѓето“;
- „Асистираната евтаназија е хуман начин да се умре и не треба да се гони“;
- „Богатите треба да се оданочуваат помалку затоа што создаваат богатство што води до работни места“;
- „Не треба да постојат ограничувања во движењето на луѓето меѓу земјите“;
- „Родовата еднаквост главно се однесува на жените и доведува до дискриминација на мажите“;
- „Канабисот треба да се легализира“;
- „Сексуалниот идентитет е обликуван од општеството, а не од природата“;
- „Политичарите се занимаваат со политика само поради лични интереси“;
- „Луѓето кои пушат и имаат прекумерна тежина треба да плаќаат повеќе за својата здравствена заштита“.

*5.. Активноста е преземена од водичот „Предавање на контроверзни прашања преку едукација за демократско граѓанство и човекови права - пакет за обука на наставници“, Совет на Европа, 2021 година, достапна на следниот линк - https://lead.org.mk/assets/files/Publications/priracnik-kontroverzni-temi.pdf*

### ОБЈАСНУВАЊЕ НА ВЕЖБАТА:

**1.** Расфрлајте ги столчињата по случаен редослед низ просторијата со тоа што секаде да има по две столчиња свртени едно кон друго, по едно столче за секој учесник.

**2.** Кажете им на учесниците дека ќе слушаат музика. Кога ќе започне музиката, тие треба да почнат да се движат каде што сакаат низ собата - или да танцуваат, ако сакаат. Кога ќе ја запрете музиката, брзо треба да седнат на најблиското столче - така што сите ќе бидат во парови еден спроти друг. Во тој момент ќе прочитате изјава. Лицето во секој пар кое последно седнало има 30 секунди за да му ги каже на партнерот своите лични ставови во врска со прочитаната изјава. За тоа време, партнерот треба да молчи и да не дава никакви индикации дали се согласува или не се согласува. Потоа партнерот е на ред да ги искаже своите ставови во времетраење од 30 секунди во врска со изјавата.

**3.** Правете го ова неколку пати за онолку изјави колку што имате или колку што дозволува времето. Како варијација, кога сите ќе ја сфатат идејата, можете да побарате предлози од учесниците за искази за дискусија - но инсистирајте на прашања коишто се „навистина контроверзни“.

**4.** Наредете ги столчињата во круг за дискусија.

### СОВЕТ

Кај некои учесници може да се јави загриженост, со оглед на тоа дека ќе треба јавно да ги откријат своите приватни мислења (ова, всушност, е лекција сама по себе). Кажете им дека тие ќе разговараат само со една личност и нема да бидат осудувани за ставовите што ќе ги искажат или нема да ги искажат. Објаснете им дека е важно да се најдат во ваква ситуација за да можат да ги ценат и да се справуваат со емоциите што, веројатно, ќе се појават кога ќе дискутираат на контроверзни прашања во училиште.

### ДИСКУСИЈА ЗА ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ

Дискутирајте за чувствата што ги доживеале учесниците за време на вежбата и што можат да научат од ова за справување со контроверзни прашања во училницата. На пример:

**1.** Што мислите за очекувањето учениците да ги откријат своите лични мислења на час?

**2.** Колку изнесените ставови се совпаѓаа со вашите лични ставови? Зошто е тоа така?

**3.**Каква клима во училницата сметате дека е најкорисна за дискусии на контроверзни прашања и како се создава?

**4.** Какво мислење имате за постоење правила во училницата или училишни правила за водење на дискусијата?

### СОВЕТ

Добра идеја е дискусијата да биде релативно кратка во оваа фаза. Објаснете дека ќе има повеќе можности за рефлексија и дијалог додека трае програмата.

*[Активноста е приспособена од www.anti-bias-netz.org/]*

# УЧИЛИШТЕТО НА Работ на шумата[6]

Кога некое прашање е особено чувствително, може да биде побезбедно да му пристапите индиректно отколку да го решите директно. Еден начин да се направи ова е да се користи историска, географска или имагинарна паралела. Оваа техника е позната како „дистанцирање“. Истата спречува експлозивните прашања да излезат од контрола и им овозможува на учениците да ги остават настрана своите првични предрасуди и претпоставки и да станат поотворени за комплексноста на прашањето.

**ЦЕЛ:**
Да се истражат начините на кои може да се користи „дистанцирањето“ за да се воведат контроверзни прашања на почувствителен и флексибилен начин.

**РЕЗУЛТАТИ:**
- Учениците ја разбираат целта на „дистанцирање“;
- Учениците се способни да применат техники на „дистанцирање“ во училницата и во Училиштето.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
40-50 минути.

**РЕСУРСИ:**
Копии од приказната „Училиштето на работ на шумата“.

**ПОДГОТОВКА:**
Направете копии од приказната во материјалот за поддршка, дадена подолу - по една за секој учесник. Исто така, треба да ја подготвите својата улога во играта - како можете да ги охрабрите учесниците да се вклучат, аргументите што ќе ги користите во улогата, прашањата што треба да ги поставите итн.

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**

**1.** Наредете ги столчињата во редови свртени кон предниот дел со јасен јаз по средината.

**2.** Опишете ја техниката „дистанцирање“ и објаснете како функционира со контроверзни прашања. Кажете им на учесниците дека ќе разгледаат како изгледа ова во практика.

**3.** Прочитајте ја приказната на глас.

**4.** Учесниците кажуваат како мислат дека училиштето (во приказната) било запалено, кој би можел да биде одговорен и кои би можеле да бидат нивните мотиви.

**5.** Прашајте дали мислат дека наставникот треба да се обиде да го изгради училиштето.

**6.** Објаснете дека наставникот, веројатно, ќе има потреба од поддршка од обете заедници ако таа или тој сака да го обнови и да го пушти училиштето во употреба. Ова нема да биде лесно. Кажете им на учесниците дека ќе играат улоги според тоа што мислат дека најверојатно ќе се случи доколку наставникот се обиде да го стори тоа.

**7.** Учесниците замислуваат дека се на јавен состанок свикан од наставникот за да се обиде да добие јавна поддршка за обнова на училиштето. Тие ќе играат улоги на заедниците: шумски народ, од едната страна од собата, и народ од рамнините, од другата. Фасилитаторот ќе ја игра улогата на наставникот и стои напред.

*6. Активноста е преземена од водичот „Предавање на контроверзни прашања преку едукација за демократско граѓанство и човекови права - пакет за обука на наставници“, Совет на Европа, 2021 година, достапна на следниот линк - https://lead.org.mk/assets/files/Publications/priracnik-kontroverzni-temi.pdf*

**8.** Учесниците добиваат улоги. Фасилитаторот како наставник ги поздравува сите на состанокот. Таа или тој ја опишува причината за состанокот, објаснува зошто присутните биле поканети и прашува дали ќе бидат подготвени да му дадат поддршка за да го изгради училиштето повторно и да го направи успешно. Учесниците во улога на членови на заедницата одговараат на ова барање со прашања, коментари итн. и играта со улоги продолжува оттаму. Петнаесет минути треба да бидат доволни, но бидете подготвени да го продолжите времето ако играта се одвива особено добро. Потоа, фасилитаторот им се заблагодарува на учесниците што дошле и го затвора состанокот.

**9.** Учесниците излегуваат од улогите за да се отвори дискусија.

### ПРЕДЛОГ

Оваа активност може да биде особено ефективна кога улогата на наставникот ја игра еден од учесниците. Сепак, треба да забележите дека оваа улога е клучна за активноста и најдобро е да не побарате од никој друг да ја преземе, освен ако не сте сигурни дека може добро да ја изврши.

### ДИСКУСИЈА ЗА ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ

Водете дискусија за тоа што учесниците научиле од активноста.

**1.** Дали сметаат дека истата може да се реплицира во училницата и на училиште? Ако е така, кое прашање(а) би можело/ле да воведе/ат?

**2.** Какво влијание имаат културата и навиките врз градењето на нашите ставови?

**3.** Што според вас е потребно да се направи за да се постигне разбирање помеѓу лица/луѓе од различни култури?



# ЧЕВЛИТЕ НА другите луѓе[7]

Малите деца и учениците природно имаат тенденција да се фиксираат на едната страна од ситуацијата и имаат потешкотии да ги согледаат и другите гледишта. Додека потенцијалот да се видат алтернативи се зголемува со возраста, тој честопати е надминат од социјалните и културните норми или не се развива поради недостаток на соодветни животни искуства. Контроверзните прашања, од друга страна, имаат тенденција да бидат повеќедимензионални. Помагањето на децата и младите да ги идентификуваат и ценат алтернативните гледишта е важен елемент во предавањето контроверзни прашања.

**ЦЕЛ:**
Да се истражат начини со кои на учениците може да им се помогне да ги видат проблемите од низа перспективи.

**РЕЗУЛТАТИ:**
- Учесниците ја препознаваат повеќедимензионалната природа на контроверзни прашања;
- Учесниците разбираат зошто учениците понекогаш имаат потешкотии да видат други гледишта;
- Учесниците се запознати со техники кои им помагаат на учениците да ги видат прашањата од низа перспективи.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
30-40 минути.

**РЕСУРСИ:**
Картички за улоги „стапало“.

**ПОДГОТОВКА:**
Исечете неколку празни картички во форма на стапало во природна големина. Ќе ви треба по една за секој учесник и неколку дополнителни. Смислете контроверзно прашање и поставете го во форма на прашање, на пример: „Дигиталните учебници ќе го подобрат/уназадат образованиот процес?“ или „Лесните опојни droги треба да се легализираат за лична употреба“. Изберете прашање што, веројатно, ќе ги подели учесниците. На дополнителна „стапало“ картичка напишете неколку различни одговори на прашањето, по можност оние кои мислите дека учесниците веројатно нема да ги изразат - не повеќе од две или три реченици.

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**

**1.** Наредете ги столчињата во голем круг околу собата и на секое поставете празна „стапало“ картичка.

**2.** Поставете го прашањето што претходно сте го избрале и замолете ги учесниците самостојно да ги напишат своите одговори на картичката – во само две или три реченици.

**3.** Соберете ги картичките, измешајте ги и поставете ги свртени надолу на подот во средината на собата – додавајќи ги и картичките што сте ги подготвиле порано.

**4.** Секој од учесниците избира картичка по случаен избор и ја чита во себе.

**5.** Побарајте волонтер да застане, да најде простор во собата и да го прочита мислењето на својата картичка.

**6.** Останатите учесници ги проверуваат мислењата на нивната картичка и ако се потполно исти, застануваат до него / неа.

---

*7. Активноста е преземена од водичот „Предавање на контроверзни прашања преку едукација за демократско граѓанство и човекови права - пакет за обука на наставници“, Совет на Европа, 2021 година, достапна на следниот линк - https://lead.org.mk/assets/files/Publications/priracnik-kontroverzni-temi.pdf*

**7.** Вториот волонтер ја чита својата картичка и избира место на кое ќе застане во однос на сличноста на неговото мислење со првиот волонтер - колку мислењето е послично, толку поблиску застанува; колку поразлично, толку повеќе се оддалечува.

**8.** Повторете го процесот додека сите не бидат застанати на своите места.

**9.** Учесниците разгледуваат опсег на мислења во просторијата, а потоа се враќаат на своите места за дискусија.



## ДИСКУСИЈА ЗА ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ

**1.** Што научивте од активноста и од темата?

**2.** Дали некој од вас помислил да го смени своето мислење и зошто?

**3.** Зошто луѓето имаат спротивставени ставови и од каде истите потекнуваат?

**4.** Колку според вас е важно да се дискутираат вакви прашања на редовна основа? Зошто сметате така?



# КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

*„Планетата Земја е комплексен систем. Ако една работа е надвор од баланс, може да настанат промени вон нашиот домет"*

**-Грета Тунберг,** младински активист

Климатските промени и климатските акции земаат голем замав во последните 10 години, особено со зголемувањето на просечните температури на планетата Земја.[8] Па така, климатската акција е дел од одржливите развојни цели на Обединетите нации под број 13. Од друга страна, интересот на младите, а посебно на учениците порасна како резултат на движењето „Fridays for Future", кое беше иницирано од Грета Тунберг, а инспирирано од непреземањето мерки и акции од страна на светските влади за климатските промени.

Климатските промени, а особено животната средина и нејзината заштита, исто така, привлекуваат огромен интерес во нашата земја во последните 10 години. Тоа се должи на сè поголемите ефекти од загадувањето и негрижата за животната средина. Имено, според Светскиот извештај за квалитетот на воздухот за 2020 година, Северна Македонија е втора најзагадена земја во Европа[9].

Образованието за климатски промени има неколку аспекти и истите се опфатени во истражувањето на граѓанската организација „Биди зелен"[10] каде што се опфаќаат и еколошкото образование и образованието за одржлив развој каде:

- Еколошкото образование учи за тоа како функционира животната средина, односно како човекот треба да се однесува со екосистемот.

- Образованието за одржлив развој е нераскинлив спој на три важни сегменти кои се испреплетуваат и надополнуваат, а тоа се: еколошкиот, економскиот и социјалниот сегмент.

-Во центарот на образованието на климатските промени се причините и последиците од климатските промени, нивното ублажување и адаптацијата од истите. Образованието за климатски промени, всушност, е основата од која ќе почнува одржливиот развој и е потребно да се интегрира во сите политики и наставни програми како пристап до образовниот систем со што ќе се гарантира дека сите ученици ќе се здобијат со знаење и вештини за промовирање на одржливиот развој.

Па така, учењето за климатските промени и животната средина е важно за развојот на младите луѓе бидејќи преку него учат за причините и последиците од климатските промени и за улогата која ја имаат граѓаните во истите.



*8. Повеќе информации за просечното зголемување на температурите има на следниот линк - https://earthobservatory.nasa.gov/world-of-change/global-temperatures*
*9. World Air Quality Report, IQAir, 2021, достапен на следниот линк - https://www.iqair.com/world-air-quality-report*
*10. Застапеност на образованието за климатски промени во деветгодишното основно образование во Република Северна Македонија, Биди зелен, 2020, достапно на следниот линк - https://drive.google.com/file/d/1HBH67GcRU-rysn_ae_AEnsvA_EtiMwG4u/view*

АКТИВНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА

# КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ



# МРЕЖАТА на животот[11]

Во природата сè е поврзано со сè друго. Сите живи и неживи суштества се поврзани преку циклуси, на пример, циклусот на јаглерод и циклусот на водата. Синџирите на исхрана се дел од овие циклуси. Синџирот на исхрана започнува кога зеленото растение користи светлосна енергија од сончевата светлина, минералите во почвата и водата за да изгради сопствена храна. Кога зеленото растение, на пример, зелката, се јаде, минералите и енергијата складирана во листовите се пренесуваат и се користат, на пример, од гасеницата за да живее и расте.

**ЦЕЛ:**

- Да се развијат вештини за критично размислување;
- Да се развие свеста за вредноста на животот.

**РЕЗУЛТАТИ:**

- Учесниците се свесни за поврзаноста во глобалниот синџир на исхрана;
- Учесниците можат да ја распознаат зависноста помеѓу живите и неживите суштества;
- Учесниците знаат да го идентификуваат влијанието на човекот врз животната средина.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**

30-40 минути.

**РЕСУРСИ:**

Клопче со дебел конец.

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**

Оваа активност е поделена на 3 дела:

- 1 градење на мрежата на животот;
- 2 уништување на мрежата;
- 3 дискусија за зашитита на животната средина.

**1 ДЕЛ**

1. Замолете ги учесниците да застанат во круг.
2. Објаснете им дека треба да направат модел на мрежа на животот.
3. Вие започнете први. Држете ја топката во вашите раце и кажете некое зелено растение (на пр.: зелка).
4. Штом го кажете растението, фрлете ја топката кон некого во кругот притоа држејќи ја врвката кај вас.
5. Човекот што ќе го фати клопчето треба да каже животно што јаде зелка (пример: гасеница). Потоа тој/таа го фрла клопчето кон друга личност.
6. Третиот човек треба да каже животно што јаде гасеници (на пример: птица). Потоа го додава клопчето до следен човек.
7. Играта тече сè  додека не добиете испреплетена мрежа која го означува животот.

*11. Активноста е преземена од прирачникот за човекови права „Компас“, издаден од Советот на Европа. Активноста е достапна на следниот линк - https://www.coe.int/en/web/compass/web-of-life*

**2 ДЕЛ**

1. Прашајте ги учесниците да дадат конкретен пример за тоа што ја нарушува мрежата на животот (на пр.: автопати кои се градат по фарми, риболов без дозвола или емитување штетни гасови). Секој што ќе сподели мислење, треба да го пушти својот дел од конопот.
2. Кога секој од учесниците ќе сподели мислење, замолете ги да погледнат во мрежата која ја пуштиле на земја.

Споделете дека вака би изгледал нашиот свет ако ништо не преземаме.

**3 ДЕЛ**

1. Побарајте од учесниците да кажат акција која ќе ја преземат за да ја зачуваат животната средина.
На пример, ќе го гасам комјутерот кога не го употребувам...
2. Како што секој учесник дава ветување, зема повторно еден коноп од купот во средина.
3. На крајот разговарајте со учесниците да погледнат во новата мрежа и да забележат дека не е истата мрежа како претходно.

Вистинско заздравување не е возможно бидејќи кога нешто ќе се истреби, не може да се врати.

## ДИСКУСИЈА ЗА ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ

1. Што научивте од активноста и од темата?
2. Какво влијание има човекот кон животната средина?
3. Која е нашата одговорност во зачувување на животната средина?



# ВРЕМЕ И КЛИМА? Што е разликата

Времето е специфичен настан или состојба што се случува во одреден период од часови или денови. На пример, невремето со грмотевици, снежната бура и денешната температура го опишуваат времето. Климата се однесува на просечните временски услови на некое место во одреден временски период (обично најмалку 30 години, за да се земе предвид опсегот на природни варијации од една до друга година).

**ЦЕЛ:**
Учесниците да ја научат разликата помеѓу времето и климата.

**РЕЗУЛТАТИ:**
- Учесниците можат да ја објаснат разликата помеѓу климата и времето;
- учесниците можат да ја ги објаснат факторите кои ја одредуваат климата.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
45 минути.

**РЕСУРСИ:**
- Маркер и стикери во боја;
- Табела со временска промена во текот на еден век.

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**
Оваа активност е поделена на 2 дела:

**1 ДЕЛ**

**1.** Најавете ја вежбата кај учесниците и замолете ги секој индивидуално на два различни стикера да направи своја дефиниција за тоа што значи „време“ и „клима“.
**2.** Откако секој индивидуално ќе заврши, поделете ги во парови каде што ќе си ги споделат дефинициите. Откако ќе ги споделат во парови, поделете ги во групи од по 4-5 учесници каде што ќе направат заедничка дефиниција.
**3.** Потоа секоја група нека ги претстави своите дефиниции. Набљудувајте доколку има разлики во дефинициите или доколку некоја дефиниција отстапува од нормата за дефиниција за време и клима.
**4.** На крајот продискутирајте за тоа колку учесниците биле свесни и знаеле да направат разлика помеѓу овие два термина.

**2 ДЕЛ**

**1.** Поделете ги учениците во групи од 4 до 5 лица и на секоја група дајте ѝ по една мапа на аномалии на температурата.
**2.** Дајте им инструкции секоја група да излиста најмалку 5 причини зошто температурата е во постојат пораст во последните 50 години, а особено во последните 10 години.
**3.** Откако ќе завршат групите, оставете секоја група накратко да презентира. Откако ќе завршат презентациите, преминете на дискусија.

## ДИСКУСИЈА

1. Какво влијание врз Земјата можат да имаат климатските промени?
2. Какви промени во времето и климата забележувате во нашата земја?
3. Што можеме ние лично да направиме за да придонесеме за спречување на климатските промени?

## МАТЕРИЈАЛИ

Мапа на аномалии на температурата. Извор од Националната океанска и атмосферска администрација.



# КОЈ ТОА ТАМУ загадува[12]

Загадувањето на воздухот е широк поим што се применува на честичките и хемиските соединенија кои луѓето ги ослободуваат во атмосферата и го менуваат нејзиниот состав. Најпрво загадувањето било перцепирано како локален проблем во урбаните индустријализирани области, па фабриките и електраните почнале да градат повисоки оџаци. Меѓутоа, повисоките оџаци само го пренеле проблемот на друго место и наскоро биле препознати регионалните проблеми, како што е киселиот дожд. Во Скандинавија, на пример, беше откриено дека закиселувањето на езерата е резултат на емисиите на сулфур диоксид од високите оџаци лоцирани во централноевропските земји, како Германија,
па дури и на места подалеку, како Велика Британија.

**ЦЕЛ:**
Да се истражат причинителите на загадувањето и улогата на секој поединец во истото.

**РЕЗУЛТАТИ:**
- Учениците се свесни како секојдневните активности придонесуваат за загадување на воздухот;
- Учениците знаат како да го истражат загадувањето на воздухот.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
45 минути.

**РЕСУРСИ:**
- Голема тегла наполнета со вода;
- Темперни бои во црвена, зелена, сина и жолта нијанса;
- Една лажица;
- Копија од приказната „кој тоа таму загадува“.

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**

**1.** Потсетете ги учениците дека загадувањето на воздухот доаѓа од многу различни извори. Како клас, направете бура од идеи за список на извори на загадување на воздух и потоа организирајте ги во четири категории: (1) возила и мотори кои горат бензин; (2) електрична енергија од фосилни горива, како јаглен; (3) активности кои стваат честички во воздухот, како пожари; и (4) производи кои испуштаат хемикалии во воздухот.

**2.** Споделете им на учениците дека во оваа активност водата во стаклената тегла ќе биде едноставен модел на атмосферата и дека боите ќе се користат за моделирање на загадувачите на воздухот што се ослободуваат во атмосферата во текот на денот.

| ЦРВЕНАТА БОЈА | ЗЕЛЕНАТА БОЈА | СИНАТА БОЈА | ЖОЛТАТА БОЈА |
|---|---|---|---|
| претставува загадување од согорување бензин. | претставува загадување од согорувањето на јаглен за електрична енергија. | претставува загадување од честички во воздухот. | загадување од производи кои испуштаат хемикалии во воздухот. |

12. *Оваа активност е преземена од - https://scied.ucar.edu/activity/whirling-swirling-air-pollution*

**3.** Изнесете ја приказната „24 часа за загадувањето на воздухот на Мирко“ и кажете им на учениците дека ќе поминат низ еден типичен ден од животот на една личност за да го видат кумулативното влијание на целото загадување на воздухот што таа го додава во атмосферата.

**4.** Секој ученик нека прочита дел од приказната (од еден час од денот на Мирко) и посочете каков тип на загадување треба да се додаде на моделот. Додајте по една капка од соодветните бои на загадување за секој час кој го има во приказната. Учениците нека погледнат одблизу на теглата по 24 часа од денот на Мирко. Прашајте ги учениците: „Какви бои гледаат во теглата?“ Размислете што би се случило со ова загадување на воздухот доколку воздухот се движеше! Користете лажица за да ги измешате загадувачите на воздухот. Потоа прашајте ги учениците: „Кои бои ги гледаат во теглата?“

## ДИСКУСИЈА ЗА ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ

**1.** Колку примерот кој беше даден има сличности и разлики со вистинската атмосфера?
**2.** Вратете се назад на вашиот ден и посочете дали и во која мера придонесовте за загадувањето?
**3.** Што можеме да направиме за да се намали загадувањето?

## МАТЕРИЈАЛИ

Прилог 1 – „кој тоа таму загадува “

**Како функционира оваа приказна:**
Ќе дознаете што прави Мирко во текот на денот и како неговите постапки придонесуваат за загадување на воздухот. За секој час од денот има дел од приказната (десно), времето и изворот на загадувачи на воздухот (лево).

**06:00**

Загадувачи на воздухот од: горење природен гас, производи кои ослободуваат хемикалии

Мирко се туширa навистина долго обидувајќи се да се разбуди. Водата е топла, благодарејќи на бојлерот кој согорува природен гас ослободувајќи азотни оксиди и јаглерод диоксид во воздухот. Кога не догорува целосно, природниот гас ослободува и метан. Сапунот, шампонот и кремот за бричење што ги користи Мирко, ослободуваат испарливи органски соединенија (VOCs) во воздухот. Мирко може да предизвика многу загадување на воздухот додека се тушира.

**07:00**

Загадувачи на воздухот од: горење јаглен

Мирко ужива да јаде јајца, тост и кафе за појадок. За да ги направи јајцата, тој користи шпорет што користи електрична енергија. Неговите кафемат и тостер, исто така, користат струја. Електричната енергија доаѓа од електрана каде што се согорува јаглен ослободувајќи го загадувањето на воздухот, како што се: јаглерод диоксид, сулфур диоксид, азотни оксиди, честички и жива. Некои електрани на јаглен ослободуваат олово, јаглерод моноксид и VOC, исто така. Технологијата што го отстранува загадувањето на воздухот од оџаците на централата е многу подобра отколку што беше порано, но загадувањето, сепак, се ослободува во воздухот.

**08:00**

Загадувачи на воздухот од: горење бензин

Мирко се качува во своето старо комбе и оди на работа, брзајќи по целиот пат. Мирко не знае дека брзото возење и наглото сопирање ослободуваат повеќе загадување во воздухот отколку возење со постојана брзина. Согорувањето на бензинот ослободува јаглерод моноксид, јаглерод диоксид, азотни оксиди, честички и VOCs.

**09:00**

Загадувачи на воздухот од: горење бензин

Бидејќи цел пат возеше брзо, Мирко рано доаѓа до куќата што треба да ја бојадиса. Мирко и неговата екипа му даваат свеж слој сина боја. Тој го остава комбето да работи додека ја проверува својата е-пошта, чекајќи го остатокот од неговата екипа да пристигне со сината боја. Комбето во мирување согорува гас, ослободувајќи јаглерод моноксид, јаглерод диоксид, азотни оксиди и VOC во воздухот.

## 10:00

Загадувачи на воздухот од: производи кои ослободуваат хемикалии

Мирко и неговата екипа ја користат најевтината боја што можат да ја најдат. Вака можат да наплаќаат ниски цени за бојадисување куќи. Нивните клиенти сакаат ниски цени, но дали би сакале да знаат дека евтините бои испуштаат VOC во воздухот?

## 11:00

Загадувачи на воздухот од: горење бензин

На патот до куќата што ја бојадисуваат има дрво, па го сечат со моторна пила. Сопственикот на куќата на крајот ќе дојде дома и ќе им вика на мајсторите дека го убиле неговото убаво дрво. Беше убаво, но, исто така, беше корисно. Дрвјата отстрануваат некои загадувачи од воздухот. Без ова дрво, повеќе загадување на воздухот ќе остане во воздухот. Моторната пила што ја користеле за да го исечат дрвото согорува бензин и додава јаглерод моноксид, јаглерод диоксид, азотни оксиди и VOC во воздухот.

## 12:00

Загадувачи на воздухот од: горење бензин, производи кои ослободуваат хемикалии

Време е за ручек. Мирко е возбуден да направи пауза. Вози за да земе брза храна и ја јаде во комбето со вклучен мотор, така што климата е вклучена. Согорувањето на гас во мирување на паркингот ослободува јаглерод моноксид, јаглерод диоксид, азотни оксиди, честички и VOC во воздухот. Садот во кој дошол неговиот бургер е направен од стиропор, познат и како полистиренска пена, која ослободува VOC во воздухот.

## 13:00

Загадувачи на воздухот од: горење јаглен, честички од печатење

Мирко ја напушта екипата што ја бојадисува куќата за да им испечати флаери за бизнисот за да можат да се рекламираат во соседството. Печатењето ослободува честички во воздухот, а енергијата што ја користат печатачите доаѓа од локалната електрана на јаглен која, исто така, ослободува загадување.

## 14:00

Загадувачи на воздухот од: горење бензин

Мирко ги доставува флаерите до сите соседи. Тој вози до секоја куќа, а потоа го остава комбето да работи додека оди до влезната врата и залепува флаер до кваката на вратата. Куќите се блиску една до друга, но Мирко е уморен и решава да вози.

## 15:00

Загадувачи на воздухот од: горење бензин, пареа на бензин

После сето тоа возење од куќа до куќа, комбето на Мирко нема бензин. Тој го полни својот резервоар за гас во најжешката точка во денот и забележува дека гумите му изгледаат малку издишени. Подоцна решава да ги наполни, не сфаќајќи дека ќе потроши помалку бензин ако се надуени правилно. Согорувањето повеќе гас ослободува повеќе загадување на воздухот во воздухот. На бензинската пумпа се испушта бензинска пареа во воздухот (затоа бензинските пумпи мирисаат на бензин). Во најжешката точка во денот, таа пареа на бензин многу веројатно ќе стане градежен блок на озонот, дел од смогот.

## 16:00

Загадувачи на воздухот од: производи кои ослободуваат хемикалии, горење бензин

Мирко ја проверува екипата за бојадисување на куќата. Од нивните скали викаат дека заостанале со распоредот. Мирко мрмори и зема распрскувач за боја исполнет со сина боја што ослободува VOCs. Го остава комбето да работи затоа што мисли дека наскоро ќе замине.

## 17:00

Загадувачи на воздухот од: производи кои ослободуваат хемикалии, бензин

Мирко се вози дома од работа. По пат се сеќава дека треба да си го земе костумот од хемиската машина. Кога минатиот викенд отишол на фантастична забава, истурил сенф на јакната. Тој се надева дека хемиската машина ја извадила дамката. Хемиските средства за чистење користат производи за чистење  дамки кои ослободуваат VOC и други загадувачи во воздухот.

| | |
|---|---|
| **18:00**<br>Загадувачи на воздухот од: честички, пареа од бензин | Како што влегува во својот пат, Мирко забележува дека тревникот му е малку неуреден. Насекаде има лисја. Тревата и глуварчињата се до колена. Мирко ги гребе листовите и потоа ги согорува, испуштајќи честички во воздухот.<br>Но, старата косилка на Мирко нема бензин. Го наоѓа садот за бензин и од него се истура малку додека го истура во косилката. Пареа се ослободува во воздухот секој пат кога ќе се истури бензинот. |
| **19:00**<br>Загадувачи на воздухот од: бензин, јаглен | Мирко го слуша неговиот стомак како испушта звуци. Време е да се подготви вечера. Тој вади лазањи од неговиот замрзнувач. Направени се во фабрика каде што се внесуваат материјали (како доматно пире и тестенини), а потоа се користи енергија за да се спојат и пакуваат. Енергијата што се користела во фабриката за лазањи доаѓа од јаглен. Состојките доаѓаат од целиот свет и мораат да се транспортираат до фабриката со камиони и бродови кои согоруваат фосилни горива. Потоа, камионот со замрзната храна ги транспортирал лазањите во продавница каде согорил повеќе бензин. Мирко ги загрева лазањите во својата електрична печка, која енергијата ја добива од електраната на јаглен. |
| **20:00**<br>Загадувачи на воздухот од: бензин, јаглен | Мирко гледа телевизија и нарачува нов пар чевли преку Интернет што ќе бидат испорачани од Индија утре (старите чевли ги извалкал и решил да ги фрли.) За вклучување на телевизорот и компјутерот потребна е струја од електраната на јаглен. Превозот на пакет од Индија ќе согорува фосилни горива и ќе го ослободи загадувањето на воздухот. И во Индија, фабриката што ги прави неговите чевли, исто така, ќе го загадува воздухот. |
| **21:00**<br>Загадувачи на воздухот од: дрво и хемикалии кои согоруваат | Во куќата на Мирко е студено. Мирко пали оган во каминот на дрва. Согорувањето на дрвото испушта честички во воздухот. |
| **22:00**<br>Загадувачи на воздухот од: јаглен | Откако ја чисти кујната со производи кои испуштаат хемикалии во воздухот, Мирко чита во креветот, заспива со вклучено светло, користејќи електрична енергија што доаѓа од јаглен. Мирко  го загадува воздухот дури и кога спие. |
| 22:00 - 01:00<br>Загадувачи на воздухот од: јаглен | Мирко сѐ уште спие, но тој продолжува да го загадува воздухот бидејќи неговите светилки сѐ уште се вклучени. |
| **02:00**<br>Загадувачи на воздухот од: јаглен | Мирко се упатува во кујната бидејќи е гладен, но и поспан, и мрзоволно стои на вратата од фрижидерот размислувајќи што да јаде. |
| **03:00**<br>Загадувачи на воздухот од: јаглен | Мирко се буди збунет. „Зошто ми е толку ладно?“ -  се прашува тој. Мирко сфаќа дека студот доаѓа од фрижидерот, кој бил отворен додека дремел. Тој повеќе не сака закуска. Тој само сака да се врати во својот топол кревет. Мирко ги гасне светлата, го вклучува електричното ќебе и почнува пак да спие. |
| **04:00-05:00**<br>Загадувачи на воздухот од: јаглен | Мирко спие, но продолжува да го загадува воздухот бидејќи му е вклучено електричното ќебе. |

# КОЛКУ Е топло

**ЦЕЛ:**
Да се истражи како различните материјали и површини влијаат на температурата.

**РЕЗУЛТАТИ:**
Учениците самостојно можат да го пресметаатвлијанието на температурата во градовите на различни места.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
40 минути или 2 училишни часа.

**РЕСУРСИ:**
- Термометари, по 1 за секоја група од 3 до 4 ученици;
- Листови и пенкала;
- Прилог 1 од материјалите.

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**
Оваа активност е поделена на 2 дела:

**1.** Излезете надвор во вашиот училиштен двор на сончев, топол ден. Ако сте во област со листопадни дрвја, можеби ќе сакате да ја правите оваа активност во време кога дрвјата имаат лисја поради сенката што ја даваат.

**2.** Замолете ги учениците да погледнат наоколу и да направат предвидувања за тоа кои области од училишниот двор се најтопли, а кои најладни.

**3.** Изберете 6-8 области од училишниот двор што ги идентификувале учениците. Учениците ќе собираат податоци за температурата во овие области. Погрижете се да има мешавина од сончеви и засенети области, како и мешавина од поплочени и тревни/природни површини.

**4.** Обезбедете ѝ на секоја група на ученици листови за запишување податоци и инфрацрвен термометар (се препорачува) или дигитален термометар. Научете ги учениците како да ги користат термометрите.

**5.** Ако користите инфрацрвени термометри, потсетете ги учениците да го насочат термометарот директно на површината на земјата што сакаат да ја измерат (т.е. бетон, асфалт, трева, земја итн.)

**6.** Ако користите дигитални термометри, потсетете ги учениците да ги држат на место најмалку две минути и да го засенат термометарот од директна сончева светлина додека вршат мерење. (Важно е сите групи да собираат податоци од иста висина над земјата за да може да се споредат податоците.) Не се препорачува користење на овој метод во ветровито време.

**7.** Групите потоа нека се упатат до нивните локации, да направат 5 мерења на температурата и да запишат описни информации за нивната локација на нивниот работен лист за собирање податоци. Потоа учениците треба да го пресметаат просекот на мерењата на температурата.
8. Во училницата креирајте табела со локациите. Групите нека ги пополнат податоците за нивната локација, вклучувајќи просечна температура, сонце/сенка и покривање на земјата.

## ДИСКУСИЈА

1. Дали учениците ги предвидоа резултатите?
2. Кои аспекти од околината влијаат на температурата во овие области? (Најверојатниот резултат е дека областите на сонце биле потопли од оние во сенка, а областите што имале поплочена површина биле потопли од тревата или природните области.)
3. Врз основа на овие резултати, кои области мислите дека би биле потопли: урбани или рурални области? (Во урбаните области каде површините како асфалтот и бетонот се во изобилство, температурата ќе биде повисока.)
4. Според извршените мерења, кои се најтоплите места во градот според вас?

## МАТЕРИЈАЛИ

Прилог 1

**ОПИС НА ЛОКАЦИЈАТА:**

**КАКВО ТЛО ИМА НА ЛОКАЦИЈАТА?**

А) ТРЕВА  Б) ЗЕМЈА  В) БЕТОН
Ц) АСФАЛТ  Д) ДРУГО (НАПИШЕТЕ)____________

**КАКВО ТЛО ИМА НА ЛОКАЦИЈАТА?**

МЕРЕЊЕ #1 ________ °C
МЕРЕЊЕ #2 ________ °C
МЕРЕЊЕ #3 ________ °C
МЕРЕЊЕ #4 ________ °C
МЕРЕЊЕ #5 ________ °C

**ПРОСЕЧНА ТЕМПЕРАТУРА ОД СИТЕ 5 МЕРЕЊА:**

__________ °C

# ПОЛИТИЧКО И ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

*Никој не е роден како добар граѓанин, добар демократ или добар лидер. За тоа треба време и образование*

**-Кофи Анан,** поранешен генерален секретар на Обединетите нации

Веројатно почетната мисла на ова поглавје најдобро ја отсликува потребата од политичко и граѓанско образование во една земја. Колку повеќе една земја инвестира во ваков вид едукација, толку посвесни, поинформирани и поактивни граѓани ќе има. Ваквиот пристап помага да се изгради граѓанска култура која, всушност, претставува „ставови кон политичкиот систем и неговите делови, како и ставови кон сопствената улога во рамки на системот“.[14]

Политичкото и граѓанското образование им помагаат на луѓето да развијат граѓански и социјални компетенции со кои ќе можат поактивно да учествуваат во општествениот и во политичкиот живот. Граѓанските компетенции во оваа смисла подразбираат способност за ефективно ангажирање со другите во јавниот живот и свесност и развивање интерес за решавање на проблемите што ја засегаат локалната и пошироката заедница.

Исто така, овие компетенции подразбираат и развој на критичкото размислување, рефлексија на општествените настани и конструктивно учество во активности во заедницата, како и информираност за донесување одлуки на сите нивоа, од локално до национално и европско ниво, особено преку гласање.

Кога се работи за Северна Македонија, ваквиот вид образование е многу малку застапен, а и тоа како е потребен. Според последните податоци, 83,9% од младите веруваат дека не можат да влијаат врз тоа што и како работат властите, само една петина од младите (20,3%) редовно преземаат активности за решавање општествени проблеми, а две третини од младите (64,8%) се незадоволни од своето место во општеството[15].

Поради тоа, политичкото и граѓанското образование мора да бидат позастапени во рамки на образованието и да бидат соодветно рефлектирани преку соодветни програми и предмети. Од друга страна, директното практикување на демократијата во образовниот систем преку ученичките заедници од прва рака им дава можност на учениците да учат за демократските вредности, учеството, правењето компромиси и гласањето.




*14. G. Almond, S. Verba: The Civic Culture. Political Attitudes and Democracy in Five Nations, Princeton 1963*
*15. Ј. Ѓорѓиовска, М. Галевски, Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања, Фондација за демократија на Вестминстер, 2021*

# АКТИВНОСТИ ЗА ПОЛИТИЧКО И ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ



# ИЗБОРОЛОГИЈА

Запознавањето со политичкиот систем и начинот на избори е клучно за еден млад човек, посебно за оние кои за првпат треба да гласаат. Иако навидум изборниот процес изгледа едноставно, нашиот изборен систем има свои одлики и карактеристики кои му даваат нота на комплексност и потреба од негово подлабоко разбирање со цел граѓаните да можат да донесат информирана одлука.

**ЦЕЛ:**
Учесниците одблизу да се запознаат со политичкиот систем, да разберат како функционира парламентарната демократија и како се спроведуваат изборите за пратеници во Собранието.

**РЕЗУЛТАТИ:**
- Учесниците ги разбираат политичкиот и изборниот систем на нашата земја;
- Учесниците се свесни за улогата на различни аспекти (активности, мерки, скандали и изборни модели) која можат да ја имаат врз изборниот процес.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
45-60 минути.

**РЕСУРСИ:**
Лаптоп за секој ученик.

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**
1. Замолете ги учениците да се најават на веб-страницата www.izborologija.mk и да креираат сопствен профил.
2. Потоа учениците поделете ги во групи од по 6 лица и замолете по еден од секоја група да креира по една маса за играње на играта.
3. Потоа оставете 30-35 минути секоја група да ја заврши играта. Откако ќе заврши играта, преминете на дискусија.

**ДИСКУСИЈА ЗА ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**

1. Колку бевте запознати со политичкиот систем пред да ја играте играта?
2. Кои се главните карактеристики на нашиот изборен систем?
3. Кои се главните карактеристики на Донтовиот изборен модел?
4. Што е потребно да направи граѓанин кој првпат гласа?

# СИДОТ НА великаните

Припадноста кон локалната заедница е нешто што треба да се гради уште од мали нозе. Колку повеќе луѓето чувствуваат припадност кон заедница, толку повеќе ќе бидат склони да придонесат кон неа.

**ЦЕЛ:**
Да се развие свест за одговорност кон локалната заедница.

**РЕЗУЛТАТИ:**
Учесниците можат да идентификуваат позитивни примери од своите локални заедници.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
40 минути.

**РЕСУРСИ:**
Флипчарт-хартија и маркери.

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**

**1.** Започнете со кратка бура на идеи (brainstorming) и прашајте ги учесниците што за нив значи зборот заедница. Запишете ги идеите на флипчарт-хартија или на табла.

**2.** Поделете ги учесниците на групи од 4 до 6 лица. Дајте им инструкции сликовито на флипчарт-хартија да претстаават - што е тоа на што се горди во својата заедница, како и да идентификуваат лица кои се локални херои и придонеле за нивната заедница.

**3.** Откако ќе завршат, закачете ги сите флипчарт-цртежи околу училницата и дозволете на еден претставник од секоја група да презентира.

**ДИСКУСИЈА ЗА ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**

**1.** Како се чувствувате кога се присетувавте за вашата локална заедница?
**2.** Дали ви беше тешко да идентификувате добри примери? Зошто?
**3.** Која е нашата должност во заедницата?
**4.** Какви акции можеме да преземеме?

# МАПИРАЊЕ НА заедницата

Секој град, населено место и маало си има свои предизвици. Некои од нив се јасно видливи, некои се затскриени. Исто така, за некого одреден предизвик ќе биде поважен од другите. Но, сепак, сите ние имаме одговорност да преземеме чекори за да ја направиме нашата заедница подобро место за живеење.

**ЦЕЛ:**
Да бидеме свесни за предизвиците кои ги имаме во нашите локални заедници.

**РЕЗУЛТАТИ:**
- Учесниците знаат кои се главните предизвици во нивните локални заедници;
- Учесниците се подготвени да преземат акции за решавање на предизвиците.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
40 минути.

**РЕСУРСИ:**
Флипчарт-хартија, маркери и селотејп-трака.

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**
**1.** Поделете ги учесниците на групи од 4 до 6 лица и на секоја група дајте ѝ  по 4 флипчарт-листа, маркери и селотејп. Кажете им дека треба да спојат 4 листа и да направат еден огромен лист.
**2.** Откако ќе ги спојат, дајте им инструкции да нацртаат мапа од својот град/маало или, пак, од местото каде што се наоѓа училиштето и на мапата да ги обележат и нацртаат сите клучни објекти користејќи ги следните симболи:

- Позитивни места
- Места кои се загрижувачки
- Места каде што се носат одлуките
- Места кои се извор на загадување
- Непознати места
- Места кои ги сметаат за негативни или опасни

**3.** Откако ќе завршат, дајте им инструкции на учесниците слободно да прошетаат низ просторијата да ги погледнат мапите на сите групи.
**4.** Доколку ја користите вежбата за планирање некоја акција во рамки на училиштето, преминете кон одбирање најсоодветен предизвик кој го идентификувале сите групи за да можете да преминете кон планирање активности.
Доколку не, преминете на дискусија за наученото.

**ДИСКУСИЈА:**

**1.** Колку бевте запознати со сите места кои се дел од мапата?
**2.** Каков вид локации најмногу доминираат (позитивни/негативни/непознати итн.)?
**3.** Што можеме ние како граѓани да направиме за да ги адресираме предизвиците?

*16. Активноста е преземена од прирачникот „Active Citizens“, издаден од Британскиот совет, 2016-2017, достапен на следниот линк -https://www.britishcouncil.org/sites/default/files/active_citizens_global_toolkit_2017-18.pdf*

# УЛОГАТА НА законот

Античките филозофи се повикувале на различни вредности при одредување на улогата на законот. Различните вредности се поврзани со различни социјални и политички системи.
Теоријата создава рамка за разгледување на секојдневното искуство, во која нашите вредности се водени од нашите интереси.

Учениците се охрабруваат да направат намерни избори на вредности во рамките на човековите права, да ги изнесат за споредба и дискусија и да се држат до нив во секојдневниот живот.

**ЦЕЛ:**
Учесниците да бидат свесни за суштината на законите и правилата во едно демократско општество.

**РЕЗУЛТАТИ:**
- Учесниците знаат да прават поврзување помеѓу правила и закони;
- Учесниците се поттикнати да преземат лична одговорност во почитување на правилата и законите.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
40 минути.

**РЕСУРСИ:**
Испечатени верзии од Прилог 1 и Прилог 2.

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**
1. Поделете ги учесниците во групи од 3 до 5 лица и на секоја група поделете ѝ по една копија од Прилог 1 и Прилог 2.
2. Замолете ги учесниците да направат поврзувања на правилата (Прилог 2) со концептот на законот кој најмногу сметаат дека го содржат (Прилог 1).
3. Откако ќе завршат групите, замолете ги сите да ги споделат размислувањата со тоа што ќе ги бележите нивните поврзување на табла или на флипчарт-хартија.
4. Откако ќе завршат сите групи, преминете на дискусија.

**ДИСКУСИЈА ЗА ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**
1. Зошто имаше разлики во размислувањата на групите?
2. Колку правилата кои ги применувате во вашиот живот одговараат со вашиот избор?
3. Дали знаете правила кои спаѓаат во опциите кои ги отфрливте? Дали сте им се спротивставиле? Зошто? Што сте направиле?
4. На кој начин се прават правилата и законите во нашата земја?

*17. Оваа вежба е приспособена од прирачникот „Living Democracy“ и е достапна на следниот линк - https://www.living-democracy.com/mk/textbooks/volume-6/chapter-5/exercise-4/*

## МАТЕРИЈАЛИ

***Прилог 1 – Основни концепти на законот***

1. Целта на законот е да ги спречи индивидуите да ги прекршат правата на другите луѓе (Аристотел).

2. Целта на законот е на секоја личност да ѝ се даде тоа што заслужува (Аристотел).
3. Целта на законот е да се создаде совршено општество (Платон).

4. Законот служи за да се спречи штетата направена преку неправда врз индивидуите (Глаукон).

5. Законот треба да служи за да ги зачува интересите на тие што владеат (Трасимах).

6. Улогата на законот е да го одржи социјалниот мир преку обезбедување на благосостојбата за сите и да ја спроведе практиката на тоа што е корисно за општеството (Протагора).

7. Целта на законот е да ги заштити најслабите.

***Прилог 2 - Правила***

1. Луѓето кои ги брутализирале нивните деца ќе бидат притворени.

2. Државата ќе им гарантира приход за преживување на невработените.

3. Приоритетот за работни места ќе го имаат учениците кои имаат најдобри оценки.

4. Сите работници треба да дадат нешто од нивната заработка како поддршка за потребите на невработените.

5. Секое дејство од една личност што создава штета на друга личност го обврзува сторителот да надомести за неговото дејство.

6. Наставниците треба да се осигураат дека учениците знаат дека законите во нашето општество, како најдобри закони, не смеат да се прекршат.

7. Секоја личност која демонстрира спротивставеност на организацијата на општеството ќе биде упатена во центар за реедукација.

8. Само активностите кои се одобрени од државата, а се за благосостојбата на сите се дозволени.

9. Само тие што плаќаат данок имаат право да гласаат.

10. Сите млади луѓе мораат да припаѓаат на државни организации за да можат да се активираат во корисна работа.

11. Компаниите треба да постават незагадувачки филтри на оџаците.

12. Никој не смее да шири идеи кои не се признати од владата како валидни.

13. Државата има право да направи експропријација ако тоа е потребно за јавниот интерес.

14. Директорите на компании имаат право да организираат приватни безбедносни служби.

15. Забрането е да се влезе во домот на која било личност без нејзина дозвола.

# ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

> *Човековите права не се привилегии дадени од владите. Тоа се права на секое човечко суштество врз основа на неговата хуманост*
>
> **- Мајка Тереза**

Човековите права ги одразуваат основните човекови потреби; ги воспоставуваат основните стандарди без кои луѓето не можат да живеат достоинствено. Човековите права промовираат еднаквост, достоинство, почит, слобода и правда. Примери за права вклучуваат слобода од дискриминација, право на живот, слобода на говор, право на брак и семејство и право на образование.

Тие имаат еволуирано низ вековите, а како посебен сет на права конечно се меѓународно признати во 1948 година, со Универзалата декларација за човекови права.[17]

Следствено, образованието за човекови права (ОЧП), исто така, е млада дисциплина, која, во 1993 година, на Светската конференција за човекови права е дефинирана како ***„суштинска за унапредување и постигнување стабилни и хармонични односи меѓу заедниците и за поттикнување меѓусебно разбирање, толеранција и мир“***. Постојат и други дефиниции, како, на пример, на Амнести интернационал, според кои ***„ОЧП е процес во кој луѓето учат за нивните права и правата на другите, во рамките на партиципативно и интерактивно учење“.***

Според Советот на Европа, образованието за човекови права опфаќа три димензии:

- Учење на човековите права, знаење за човековите права, што се тие и како се почитуваат и заштитуваат.
- Учење преку човековите права, согледување дека контекстот и начинот на кој учењето за човековите права се организира и се пренесува треба да биде во согласност со вредностите на човековите права (на пр.: учество, слобода на мисла и изразување итн.) и дека во образованието за човекови права процесот на учење е исто толку важен како и содржината на учењето.
- Учење за човекови права преку развивање вештини, ставови и вредности за учениците да ги применат вредностите на човековите права во нивните животи и да преземаат активности, сами или со други, за промовирање и одбрана на човековите права.

Вклучувањето на образованието за човекови права во образовниот систем им помага на младите луѓе да ги научат своите права, да ги почитуваат правата на другите, да имаат достапни информации за правата кои ги поседуваат, активно да се вклучат во општеството и да применат пристап на почитување на еднакви можности низ својот живот.



*18. Универзалната декларација за човекови права е достапна на следниот линк - https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights*

АКТИВНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

# ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА



# СКАЛА НА *младинско учество*

Колку вистинското младинско учество се разликува од реалното учество во моментов?
Скалата на младинско учество е метафорична „скала“ развиена од Роџер Харт[19], што го претставува нивото во кое младите и децата имаа моќ и контрола врз одреден процес во кој тие самите се засегнати.

**ЦЕЛ:**
Учесниците да бидат свесни за суштината на вистинското учество во проекти и процеси во општеството.

**РЕЗУЛТАТИ:**
- Учесниците знаат да ги идентификуваат скалилата на младинско учество;
- Учесниците се свесни за степенот на учество во кој моментално се наоѓаат и нивната вистинска вклученост.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
40 минути.

**РЕСУРСИ:**
Флипчарт-хартија, маркери, подготвени сценарија за учество.

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**
**1.** Поделете ги учесниците во групи и дајте им работен лист (прилог 1) со примери за младинско учество. Внимавајте да ги измешате пред да им ги дадете.
**2.** Дајте им инструкции на групите да ги наредат примерите на скалило од 1 до 8 каде што 1 е најниско ниво на учество, а 8 е највисоко ниво на учество.
**3.** Откако ќе завршат, нацртајте на табла една скала со 8 скалила и почнувајќи од најниското скалило прашувајте ги групите кои примери ги имаат идентификувано за секое од скалилата. Откако групите ќе ги откријат нивните предлози, ви го запишуваат називот на учество и паралелно го објаснувате (прилог 2).

**МАТЕРИЈАЛИ**

***Прилог 1 – Примери за младинско учество по редослед - 1 најмало, 8 најголемо.***

**1.** Во публикација развиена, напишана и дистрибуирана од возрасни, се употребени анимации направени од млади луѓе.

**2.** На конференција организирана и посетена од возрасни, на млади луѓе им е дадено да прочитаат пораки за младински проблеми кои, исто така, се напишани од возрасни.

**3.** Млад човек е замолен да присуствува на панел-дискусија и да ги претставува младите. На младиот човек не му е дадена можност да се консултира со врсниците и не му е објаснета неговата улога на настанот.

**4.** На конференција е создадена можност за учество на двајца млади како говорници. На младите им е оставен простор да ги изберат нивните претставници и да работат заедно со возрасните на објаснување на нивната улога на настанот.

*19. „Од токенизам до учество“, Роџер А. Харт, 1992 г., достапна на следниот линк - https://www.unicef-irc.org/publications/pdf/childrens_participation.pdf*

**5.** Локален совет организира неколку консултитативни средби за да добие инпут од младите за забавниот парк. Младите ги споделуваат со советот нивните идеи за промени во паркот. Младите добиваат фидбек од советот за тоа како нивните размислувања влијаеле на процесот на донесување одлуки.

**6.** Општински координатор ги консултира младите во однос на идеи за настан со кој би се одбележале делата на младите. Младите предлагаат турнир во фудбал. Координаторот работи заедно со младите , заедно донесуваат одлуки и бараат начини за финансирање.

**7.** Група членови на организација добиваат дозвола од раководните тела на организацијата за реализирање настан за ден на дрвото. Членовите донесуваат одлуки и спроведуваат активности, а организацијата обезбедува поддршка.

**8.** Младите одлучуваат дека им се потребни повеќе велосипедски патеки во нивната општина. Остваруваат партнерства со возрасни и различни младински организации и заедно лобираат во општината за ресурси.

***Прилог 2 – Степени за младинско учество***

### 8. СПОДЕЛЕНО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ
Проекти или идеи иницирани од страна на млади луѓе, кои ги поттикнуваат возрасните да учествуваат во процесот на донесување одлуки како партнери.

### 7. ИНИЦИРАНО И ВОДЕНО ОД МЛАДИТЕ ЛУЃЕ
Проекти или идеи директно иницирани од младите луѓе, возрасните може да се вклучени за да ја дадат потребната поддршка, но проектот може да биде реализиран и без нивна интервенција.

### 6. ИНИЦИРАН ОД ВОЗРАСНИТЕ, СПОДЕЛЕНО НОСЕЊЕ ОДЛУКИ СО МЛАДИТЕ
Процесите се иницирани од страна на возрасните, но младите се поканети при носењето одлуки и преземаат одговорност како рамноправни партнери.

### 5. КОНСУЛТИРАНИ И ИНФОРМИРАНИ
Проекти кои се иницирааат и спроведуваат од страна на возрасните,додека, пак, млади луѓе даваат совети и предлози и се информирани како овие предлози придонесуваат за конечните одлуки или резултати.

### 4. НАЗНАЧЕНИ, НО ИНФОРМИРАНИ
Проекти  иницирани и реализирани од страна на возрасните, додека, пак, младите луѓе се поканети да земат одредени улоги или задачи во рамките на проектот и се свесни за влијанието што тие го имаат во реалноста.

### 3. ТОКЕНИЗАМ
Младите луѓе имаат некои улоги во рамки на проекти, но тие немаат реално влијание врз кои било одлуки. Постои лажна слика (намерно или ненамерно) дека младите луѓе учествуваат, кога, всушност, тие немаат никаков избор за она што го прават и како тоа го прават.

### 2. ДЕКОРАЦИЈА
Младите луѓе се потребни во процесот за да ги претставуваат младите како обесправена група. Тие немаат значајна улога, но, како и секоја декорација, ставени се на видно место во рамките на еден проект или организација за да можат лесно да бидат забележани од надворешноста.

### 1. МАНИПУЛАЦИЈА
Младите луѓе се поканети да земат учество во проектот, но тие немаат реално влијание врз одлуките и резултатите. Всушност, нивното присуство се користи за да се постигнат некои други цели, како, на пример: победа на локалните избори, давање подобра слика за една институција или обезбедување некои екстра средства од институции за поддршка на учеството на младите.

*17. Оваа вежба е приспособена од прирачникот „Living Democracy“ и е достапна на следниот линк - https://www.living-democracy.com/mk/textbooks/volume-6/chapter-5/exercise-4/*

# ЈАЗИЧНА бариера[20]

Шансите на бегалците/мигрантите да добијат заштита во голема мера зависат од процедурите што се користат за проценка на случаите на азил. Дури и најсилното барање за меѓународна заштита може да пропадне, ако не се разгледа целосно и правично. Граничните и имиграциските власти мора да ја разберат обврската да примаат баратели на азил, додека правната помош и услугите за толкување мора да им бидат достапни на барателите на азил.

**ЦЕЛ:**
Да се подигне свеста за дискриминацијата од страна на граничната полиција и властите за имиграција.

**РЕЗУЛТАТИ:**
- Учесниците развиваат емпатија за бегалците и барателите на азил;
- Учесниците се свесни за правото на недискриминација на база на етницитет или земја на потекло.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
40 минути.

**РЕСУРСИ:**
- Копии од Апликација за азил, една за секој учесник;
- Едно пенкало за секој учесник.

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**
Подгответе ја просторијата за да седите на централна клупа зад сите столчиња и да бидете административен службеник.

**1.** Сите учесници треба да бидат надвор од училницата.

**2.** На ваш знак дозволете учесниците да влезат, но не поздравувајте никого ниту давајте до знаење дека сте забележале дека се во просторијата. Не кажувајте ништо за тоа што треба да се случи со нив.

**3.** Почекајте 2-3 три минути без да кажете ништо и потоа одеднаш станете и поделете им по една копија од Апликацијата за азил и по едно пенкало на учесниците.

**4.** Соопштете им дека имаат 5 минути да ја комплетираат формата, но не им давајте насоки. Игнорирајте ги сите прашања што ќе ви ги постават. Ако морате да комуницирате, зборувајте на друг јазик (или измислете фрази што не постојат) или правете гестови. Држете ја комуникацијата на минимум. Запомнете дека проблемите на бегалците не се ваша работа, ваша работа е да им ги поделите формите и да ги соберете пополнети.

**5.** Кога ќе истечат 5-те минути, соберете ги апликациите без да се насмевнете или остварите каков било контакт со нив.

**6.** Повикувајте ги луѓето од пополнетите апликации еден по еден и кажете им да истапуваат нанапред. Погледнете им ги формите и дајтее им критика од типот: „Не го одговоривте 8-то прашање.“, „Зошто одговоривте НЕ на прашањето 6”? „Вашата апликација не е прифатена.“ и кажете му на лицето да си замине без да влегувате во дискусија.

**7.** Повторете го ова неколку пати. Не е потребно да ги прегледувате сите апликации, само продолжете сè додека не мислите дека учесниците сфаќаат што се случува.

**8.** На крај излезете од својата улога и поканете ги учесниците да дискутираат за тоа што се случило?

*20. Активноста е преземена од прирачникот за човекови права „Компас“, издаден од Советот на Европа. Активноста е достапна на следниот линк - https://www.coe.int/en/web/compass/language-barrier*

## ДИСКУСИЈА

**1.** Како се чувствувате во улога на барател на азил?
**2.** Во каква ситуација се наоѓаат барателите на азил кога ќе бидат соочени со процедури кои ја отежнуваат постапката?
**3.** Кои се последиците кога некому му е одбиено барањето за азил?
**4.** Дали сте се нашле во ситуација каде што не сте можеле да го зборувате јазикот на кој ви се обраќаат? Како се чувствувавте?

## МАТЕРИЈАЛИ

Прилог 1 - АПИКАЦИЈА ЗА АЗИЛ

**Како функционира оваа приказна:**
Ќе дознаете што прави Мирко во текот на денот и како неговите постапки придонесуваат за загадување на воздухот. За секој час од денот има дел од приказната (десно), времето и изворот на загадувачи на воздухот (лево).



Име и презиме ----------
Appertido ----------
Nom ----------
Fek do naci ----------
Pai, resi ----------
Ou genyen fanmi de etazini ----------
Kisa yo ye pou wou ----------
Ki papye imagrasyon fanmi ou yogenyen isit ----------
Ekse ou ansent ----------
Eske on gen avoka ----------
Ou jam al nahoken juman

# КОИ СЕ ТВОИТЕ предрасуди

Предрасудите и перцепциите се составен дел од општеството и како такви се застапени во образовниот систем и меѓу децата и младите. Оттука, една од целите на образованието е да им помогне на учениците да се осознаат себеси, но и да ги поттикне да размислуваат отворено и критично, како и да прифаќаат различни мислења и ставови.

**ЦЕЛ:**
Да се откријат перцепциите кои учениците ги имаат кон различни групи и малцинства.

**РЕЗУЛТАТИ:**
- Учениците стануваат свесни за нивните граници на толеранција и нивниот конфронтациски вредносен систем;
- Учениците се обучуваат да ги развијат вештините на активно слушање при барањето договор.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
40 минути.

**РЕСУРСИ:**
Една копија од листот за активност (сценариото) за секој ученик.

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**
**1.** Поделете им на учениците по една копија од сценариото и оставете ги да ја прочитаат во тишина.

**2.** Потоа замолете ги да одберат три личности со кои би сакале да патуваат и уште три со кои не би сакале да патуваат.

**3.** Откако ќе заврши индивидуалниот дел, поделете ги учениците во групи од четири ученика, каде што:

- Тие ги споредуваат нивните индивидуални избори и причините за тие избори;
- Тие се обидуваат да се согласат за листа со три личности со кои би/не би патувале;
- Тие избираат говорник за нивната група.

**4.** Секоја група пред целиот клас ја презентира листата на сакани и несакани придружници, заедно со причините за нивните избори.

**ДИСКУСИЈА**
**1.** На кој начин дојдовте до компромис во рамки на групите? Зошто различни лица имаа избрано различни опции? На што се должи тоа?

**2.** Кои стереотипи ги прикажува листата на патници?

**3.** Од каде доаѓаат овие претстави за стеротипи?

**4.** Како би се чувствувале вие ако никој не сака да се вози со вас?

## МАТЕРИЈАЛИ

Прилог 1 – Сценарио

Само што почнавте долго патување со воз кое ќе трае неколку дена. Го делите купето со тројца други луѓе.

Со кои од следните патници би сакале да го делите купето?
Со кои од патниците не би сакале да го делите купето?

- Дебел швајцарски банкар;
- Италијански ди-џеј кој се дрогира;
- Африканец кој продава егзотични артикли;
- Ром кој штотуку излегол од затвор;
- Германска рок-пејачка, феминистка;
- Хомосексуален странски студент;
- Млада азиска жена со мало дете;
- Англиски скинхед кој е пијан;
- Проститутка со ХИВ;
- Многу сиромашен бегалец;
- Вооружен странски војник;
- Млада жена која зборува само француски.

# ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА во медиумите[21]

Предрасудите и перцепциите се составен дел од општеството и како такви се застапени во образовниот систем и меѓу децата и младите. Оттука, една од целите на образованието е да им помогне на учениците да се осознаат себеси, но и да ги поттикне да размислуваат отворено и критично, како и да прифаќаат различни мислења и ставови.

**ЦЕЛ:**
Да се развие свест за прашањата за правата во секојдневниот живот.

**РЕЗУЛТАТИ:**
- Учениците знаат да идентификуваат примери за заштита и прекршување на човековите права;
- Учениците се свесни за улогата која ја играат медиумите за заштита на човековите права.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:**
40 минути.

**РЕСУРСИ:**
Страници од весници или списанија, лента или лепило, ножици, копии од Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) (прилог 1).

**ОПИС НА ВЕЖБАТА:**

**1.** Поделете ги учесниците во мали групи. Секоја група добива весник или страници од весник, ножици, селотејп или лепило и лист хартија со графикони.

**2.** Секоја група ќе изгради постер користејќи ставки од весникот групирани под овие категории:

- Права кои се практикуваат или уживаат;
- Права кои се скратени;
- Права кои се заштитени;
- Права кои се во конфликт.

Охрабрете ги учесниците да не бараат само вести, туку и мали карактеристики, како што се соопштенија и реклами (на пр.: самиот јазик на весникот го илустрира правото на јазик и култура, рекламите може да го илустрираат правото на приватна сопственост, извештаите за социјални настани може да ги илустрираат културните права, а личните колумни можат да одразуваат многу права во практика).

**3.** Откако учесниците ќе најдат приказни за секоја категорија, тие треба да изберат по една приказна од секоја категорија за анализа:

- Кои конкретни права беа вклучени во приказната? Наведете ги покрај статијата!
- Најдете ги написите од УДЧП што го покриваат секое право и напишете ги броевите на статијата на списокот!

*21. Оваа активност е преземена од веб-страницата - http://hrlibrary.umn.edu/edumat/activities.shtm*

## ДИСКУСИЈА

**1.** Кои категории на приказни за права беше најлесно да се најдат? Најтешко? Зошто?

**2.** Дали некои написи од УДЧП се појавуваа почесто од другите? Дали другите воопшто не се појавија? Како можеш да го објасниш ова?

**3.** Во колку написи експлицитно се споменуваат човековите права?

**4.** Врз основа на овие вести, каква е состојбата со човековите права во светот денес? Во САД? Во вашата заедница?

**5.** Каква улога играат медиумите во промоција на човековите права?

## МАТЕРИЈАЛИ

Прилог 1 – Универзална декларација на човекови права

- Член 1 Право на еднаквост
- Член 2 Слобода од дискриминација
- Член 3 Право на живот, слобода, лична безбедност
- Член 4 Слобода од ропство
- Член 5 Ослободување од тортура и понижувачко постапување
- Член 6 Право на признавање како лице пред законот
- Член 7 Право на еднаквост пред законот
- Член 8 Право на правен лек од страна на надлежен суд
- Член 9 Слобода од самоволно апсење и прогонство
- Член 10 Право на правична јавна расправа
- Член 11 Право да се смета за невин додека не се докаже вината
- Член 12 Слобода од мешање во приватноста, семејството, домот и кореспонденцијата
- Член 13 Право на слободно движење во и надвор од државата
- Член 14 Право на азил во други земји од прогон
- Член 15 Право на државјанство и слобода на нејзино менување
- Член 16 Право на брак и семејство
- Член 17 Право на сопственост
- Член 18 Слобода на верување и вероисповед
- Член 19 Слобода на мислење и информирање
- Член 20 Право на мирно собирање и здружување
- Член 21 Право на учество на влада и на слободни избори
- Член 22 Право на социјална сигурност
- Член 23 Право на пожелна работа и зачленување во синдикати
- Член 24 Право на одмор и слободно време
- Член 25 Право на соодветен животен стандард
- Член 26 Право на образование
- Член 27 Право на учество во културниот живот на заедницата
- Член 28 Право на општествено уредување што го артикулира овој документ
- Член 29 Должности на заедницата од суштинско значење за слободен и целосен развој
- Член 30 Слобода од државно или лично мешање во горенаведените права

# КОНЦЕПТ НА УЧЕЊЕ

## ПРЕКУ ПРИДОНЕС КОН ЗАЕДНИЦАТА

Учење преку придонес кон заедницата е едукативен пристап преку кој учениците го усовршуваат и продлабочуваат знаењето стекнато на училиште, преку спроведување активности со кои придонесуваат за позитивни општествени промени, притоа применувајќи ги знаењето и вештините стекнати на училиште. Овој концепт подразбира циклус на учење кој вклучува: теоретско учење, практична примена на наученото и усовршување на знаењето, како и процес на рефлексија и извлекување научени лекции. Како резултат од овој концепт на учење, од учениците се очекува да го продлабочат своето знаење стекнато на училиште, да стекнат поголема општествена одговорност, да ја сфатат нивната улога во заедницата и како можат да влијаат во истата, како и да стекнат критичко размислување и други вештини кои немаат доволно можности да ги стекнат на училиште. Она што е важно да се знае за концептот на учење преку придонес кон заедницата е дека истиот може да биде приспособен за сите ученици, без разлика на возраста или насоката во која се образуваат.

### ЗОШТО Е ВАЖЕН КОНЦЕПТОТ НА УЧЕЊЕ ПРЕКУ ПРИДОНЕС КОН ЗАЕДНИЦАТА?

- За почеток, овој концепт им овозможува на учениците да:
  стекнат поголемо разбирање за тоа што го учат и како наученото може да се примени во практика, во „реалниот свет“;
- Стекнат искуство уште во процесот на образование, кое ќе им биде од значење по завршувањето на образованието и нивното позиционирање на пазарот на трудот;
- Развиваат интереси и афинитети во насока на кариерно насочување, бидејќи ќе имаат претстава што од она што во моментот го учат, би сакале понатаму да го претворат во нивна кариерна ориентација;
- Им помага на учениците да стекнат навика за „служење“ на заедницата, како општествено-одговорни членови на истата - покрај придобивките за учениците, практикувањето на овој модел на учење има позитивни придобивки и за самото училиште, но и за наставниците кои го практикуваат овој модел во нивната работа со учениците.

### ПРИДОБИВКИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

За успешно спроведување на овој модел на учење и постигнување добри резултати преку истиот, поддршката од училиштето игра голема улога. Дополнително, таквата поддршка обезбедува и низа придобивки за самото училиште, и тоа:

- Училиштето гради имиџ на воспитно-образовна институција која континуирано ги унапредува своите методи и практики, приспособувајќи се на потребите на учениците;
- Училиштето гради имиџ на општествено-одговорна институција, која се грижи за заедницата и за општеството и гради таков дух и кај своите ученици;
- Училиштето станува поатрактивно за привлекување поголем број ученици кои завршуваат основно образовние и треба да се одлучат за средно училиште во кое ќе го продолжат своето образование.

### ПРИДОБИВКИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ

Наставниците, кои во овој модел на учење земаат улога на ментори, се клучни во процесот за да ги водат и насочуваат учениците при спроведување едукативни активности од овој тип во училиштата. Целиот процес, секако, нуди и одредени придобивки за самите наставници вклучени во процесот, како, на пример:

- Наставниците можат подобро да им ја доближат материјата на учениците, споредувајќи им ја со примери од „реалниот свет“;
- Наставниците во процесот ја продлабочуваат нивната релација со учениците и ја добиваат нивната доверба, што е клучно за успешен образовен процес;
- Наставниците преку процесот, исто така, придонесуваат кон позитивни општествени промени и го градат својот имиџ на општествено-одговорни членови на заедницата;
- Во одредени случаи, наставниците можат да имаат и финансиски бенефит од спроведувањето ваков вид активности.

# КАКО ДА ГО ПРИМЕНИТЕ КОНЦЕПТОТ
## НА УЧЕЊЕ ПРЕКУ ПРИДОНЕС ВО ЗАЕДНИЦАТА ВО ВАШЕТО УЧИЛИШТЕ?

### 01 ЧЕКОР
ФОРМИРАЈТЕ ТИМ ОД УЧЕНИЦИ

Формирајте тим од 5 до 10 ученици кои ќе испланираат и ќе спроведат активност користејќи го овој концепт. Најдобриот начин за формирање тим е преку отворен повик наменет за сите ученици од училиштето. Доколку има голема заинтересираност, формирајте повеќе тимови.
Откако ќе го формирате тимот, распределете улоги на секој член, вклучувајќи и улога на лидер на тимот. Оставете ги учениците сами да ги одредат и распределат улогите, согласно со нивните преференци и компетенции.

### 02 ЧЕКОР
ДЕТЕКТИРАЈТЕ ПРЕДИЗВИК ВО УЧИЛИШТЕТО ИЛИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Учењето преку придонес кон заедницата се темели на решавање одреден општествен предизвик. Затоа е важно учениците да детектираат одреден проблем во училиштето или во локалната заедница кој сакаат да го решат со својата иницијатива. Детектирањето на предизвикот може да се направи на следниов начин:

**1.** Креирање на „Мапирање на заедницата“ - Учениците цртаат мапа од училиштето или нивната локална заедница и ги обележуваат сите места кои се важни за нив, односно: а) места кои им се допаѓаат; б) места кои не им се допаѓаат; в) места кои ги сметаат за опасни или непристапни; г) места кои им се непознати.
**2.** Бура на идеи - Откако ќе ја креираат мапата, користејќи техника „бура на идеи“, учениците дискутираат за состојбите поврзани со мапираните места, какви предизвици забележуваат на мапираните места и што може да се преземе. Предизвиците кои произлегуваат од бурата на идеи се запишуваат.
**3.** Дрво на проблеми - Со цел подобро да ги разберат предизвиците кои ги детектирале преку претходните две алатки, учениците ги разработуваат предизвиците преку техниката „Дрво на проблеми“, наведувајќи ги причините и последиците од постоењето на предизвикот.
**4.** Избор на предизвик кој ќе се решава - Преку дискусија и заедничко одлучување, учениците избираат еден предизвик кон чие решавање ќе се насочат при имплементирање на иницијативата.

### 03 ЧЕКОР
ПОСТАВЕТЕ ЈАСНИ ЦЕЛИ

Врз основа на детектираниот предизвик за решавање и неговата анализа преку „Дрвото на проблеми“, важно е учениците да постават цели кои сакаат да ги постигнат со процесот на учење преку придонес кон заедницата. При поставувањето цели важно е учениците да:

**1.** Постават јасни цели користејќи го методот на S.M.A.R.T. поставување цели. Користењето на овој модел значи дека секоја поставена цел треба да биде (Specific) специфична, (Measurable) мерлива, (Achievable) остварлива и (Time-bounded) временски ограничена.
**2.** Постават цели кои ќе се стремат учениците да ги постигнат со иницијативата, а се насочени кон унапредување на училиштето или локалната заедница.
**3.** Постават цели кои се насочени кон нивниот процес на учење и нивен личен и професионален развој.

## 04 ЧЕКОР
КРЕИРАЊЕ АКЦИСКИ ПЛАН

Откако учениците ќе креираат јасни цели, следниот чекор е креирање акциски план за спроведување на иницијативата. Акцискиот план има цел јасно да ги дефинира сите активности и чекори што учениците ќе ги преземат во процесот. Акцискиот план треба да содржи:

**1.** Активности кои ќе бидат преземени во рамки на иницијативата;
2. Потребни ресурси за спроведување на секоја активност (материјални и човечки);
**3.** Период за спроведување на секоја од активностите;
**4.** Одговорно лице од групата на ученици за спроведување на секоја од активностите.

## 05 ЧЕКОР
СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Како што наведува и самиот назив, овој чекор подразбира примена на планираното во практика, односно спроведување на акциите планирани со акцискиот план. Всушност, овој чекор е фазата на учење, каде акциите предвидени со планот, се ставаат во практика, притоа учениците го применуваат своето знаење стекнато на училиште преку спроведувањето на акциите, а со тоа и го продлабочуваат истото и стекнуваат практично искуство. Она што е важно за оваа фаза е дека сите активности треба да бидат спроведени од самите ученици, а вклучените наставници и училиштето само да ја дадат својата поддршка во форма на менторство, како и да гарантираат дека сите ученици се еднакво вклучени во процесот за да се обезбеди квалитетна едукација кај сите вклучени.

## 06 ЧЕКОР
РЕФЛЕКСИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА

Преку оваа фаза учениците се поттикнуваат да размислуваат и да рефлектираат на искуството кое го имале преку спроведување на активностите. Оваа фаза има огромно значење за процесот, бидејќи преку истата учениците добиваат можност да извлечат научени лекции од стекнатото искуство, како истото се поврзува со наставните единици кои ги изучуваат, како она што се учи изгледа во практика, со какви чувства се соочиле во процесот, какви промени предизвикале и во колкава мера би сакале наученото да го рефлектираат врз нивниот кариерен избор во иднина.
Евалуација на спроведената иницијатива може да биде:

**1.** Усна, каде учениците споделуваат преку фацилитирана дискусија, писмена, каде учениците пополнуваат однапред креирана евалуациска форма или комбиниран пристап на усна и писмена евалуација;
**2.** Индивидуална, во форма на интервју со секој ученик поединечно, групна каде сите членови на типот на ученици заедно споделуваат и дискутираат или комбиниран пристап на индивидуална и групна евалуација.
За рефлексијата и евалуацијата да бидат успешни и да се извадат научени лекции, потребно е:

**1.** Дискусијата да биде фацилитирана - Улогата на фацилитатор најдобро е да ја преземе наставникот кој го следел и менторирал процесот на спроведување иницијатива. При фацилитирањето важно е наставникот да поставува отворени прашања кои не се наведувачки и кои ќе рефлектираат и евалуираат на процесот на спроведување на иницијативата и на активностите. Како пример прашања можат да се искористат следните:

Од 1 до 5 како би го оцениле успехот на проектот? Зошто ја давате таа оценка?
Што научивте лично за вас за времетраењето на проектот?
Кои вештини сметате дека ги стекнавте/подобривте за време на целиот проект?
Доколку повторно почнувате од почеток, што би промениле?
Колку сте задоволни од тимската работа и функционирањето на тимот?

2. Поттикнување на учениците да го поврзат искуството со образовниот процес - Во процесот на рефлекција и евалуација важно е фацилитаторот да ги поттикне учениците да го поврзат искуството што го стекнале преку овој процес со образовниот процес, односно со наставните единици кои ги изучуваат.
3. Заклучоците од дискусијата да се евидентираат - Фацилитаторот или друго назначено лице важно е да фаќа белешки од дискусијата и да ги запишува научените лекции и заклучоци до кои дошле учениците преку дискусијата. Сите белешки важно е да се срочат во записник, кој ќе се чува и ќе се користи при секое следно спроведување на ваков вид акции.

## 07 ЧЕКОР
ДИСЕМИНАЦИЈА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Овој чекор подразбира споделување на резултатите од учењето преку придонес кон заедницата со останатите ученици и наставници кои не биле вклучени во процесот. На тој начин, споделувајќи успешни примери, ќе се поттикнат и останатите ученици во иднина да се вклучат во ваков вид активности, но, исто така, ќе се охрабрат и наставниците да спроведуваат ваков вид активности со своите ученици, за наставната материја која тие ја предаваат. Дополнително, споделувањето на успешните примери ќе го поттикне и училишното раководство да поддржува и поттикнува што е можно поголем број активности од овој тип. Дисеминацијата може да се спроведе преку:

**1.** Креирање и спроведување презентации по класовите и пред наставниците;
**2.** Креирање видео со искуствата на учениците вклучени во процесот;
**3.** Објавување визуелни содржини на каналите за комуникација на училиштето;
**4.** Креирање публикација за процесот и искуствата на вклучените ученици.

## 08 ЧЕКОР
ПРОСЛАВА НА ПОСТИГНАТОТО

Особено е важно да не заборавиме да го прославиме постигнатиот успех. На тој начин ќе им дадеме признание на учениците за одлично завршената работа, што дополнително ќе го максимизира ефектот на процесот. Поттикнете ги учениците кои учествувале во процесот да најдат начин за да го прослават успехот кој го постигнале во процесот. Прославете ги успесите од спроведениот процес преку:

**1.** Организирање забава во училиштето за прославување на постигнатите резултати;
**2.** Доделување сертификати, благодарници, медаљи или друг вид на признание на ученциите кои биле вклучени во процесот;
**3.** Пофалба на учениците вклучени во процесот на каналите за комуникација на училиштето.

Запомнете, без разлика каков вид активности ќе се испланираат и каков проект ќе одлучите да спроведете, процесот на учење преку придонес кон заедницата е одличен начин да го унапредите знаењето на учениците, да ги зајакнете нивните вештини и да ги унапредите нивните успеси на училиште, притоа градејќи култура на општествена одговорност кај самите ученици, кај наставниците и генерално во училиштето.
Сега ги имате потребните алатки и чекори за да го примените овој модел на учење и во вашето училиште, следејќи ги чекорите објаснети погоре. Преку постојана примена на овој модел, ќе ги унапредите и вашите вештини за практикување на истиот и резултатите ќе бидат сè подобри со секое следно искуство. Бидете наставници кои користат современи модели за едукација, притоа градејќи општествено-одговорни членови на заедницата.